ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-147/12**

**Дата: 24.08.2010**

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст МОН) на сметката на основен буџет за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на МОН за 2007 година за кои е изразено негативно мислење. Со ревизијата за 2009 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатиран задоволителен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 15 препораки имплементирани се 13, само 1 препорака не е спроведена, а 1 е неприменлива.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива изразивме мислење со резерва.

За тековната година утврдивме недостатоци и пропусти кои се однесуваат на:

- Примена на Законот за јавни набавки од аспект на:
  - висината на авансното плаќање за откуп на учебници за основно и средно образование (точка 4.3.1.),
  - обезбедување со банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот за набавка на училишен инвентар (столчиња и клупи) до целосното реализирање на истиот (точка 4.3.2.),

- значајно пречекорување на рокот за испорака, еден од критериумите за избор на најповолна понуда за превод и печатење на 70 учебници од реномирани странски автори (точка 4.3.3.).

- Неизвршено сметководствено отпишување на позицијата „Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата„ за износот на ослободениот дел од обврската за враќање на студентските кредити (4.2.4.)
- Невоспоставена евиденција на обврските на МОН која ќе обезбеди целосно пријавување во единствената база на податоци во Трезорот и буџетирање на истите (4.2.5.).
- Целосно и однапред исплатени средства за софинансирање на 33 избрани научно-истражувачки проекти, без МОН да утврди динамика на плаќање според фазите во имплементација на проектите (точка 4.1.1.).
- Ангажирање на 73 лица со договори за дело за кои претходно не биле обезбедени финансиски средства со Буџетот (точка 4.2.1.).

Во однос на наведените наоди, ревизијата препорача МОН да обезбеди следење на реализацијата на договорите за јавни набавки согласно барањата во тендерската документација, да изврши сметководствено отпишување на побарувањата за износот на ослободениот дел од обврските за враќање на студентските кредити, да обезбеди целосност во пријавувањето на обврските во трезорот, софинансирањето на научно-истражувачките проекти да биде условено од напредокот во имплементацијата на проектите, како и пополнувањето на предвидените работни места да се врши само доколку истите се планирани во планот за пополнување на работни места и за тоа се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија.

Ревизијата, обрнува внимание и за начинот на финансирањето на општинските основни и средни училишта. Имено, МОН пренесува средства до општините во форма на наменски и блок дотации, но истите не применуваат критериуми за распределба на средствата по училишта, што може да доведе до необјективна распределба на истите. Поради тоа, препорачуваме Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, која е надлежна за следење на наменското користење на дотациите, да предложи критериуми за објективна распределба на средствата по училишта (точка 7.1.).

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 19 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука - сметка на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на Министерството за образование и наука за 2007 година и е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Перо Стојановски – министер од 13.10.2008 година до 07.08.2009 година
- Никола Тодоров – министер од 07.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за образование и наука се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да обезбедиме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

**2.3.** Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради неможноста за добивање на ревизорски докази за преовладувачки износи во финансиските извештаи, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 година до 31.05.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

**3.1.** Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

### 3.2. Заклучок од освртот на ревизијата од претходната година

Од вкупно 15 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2007 година, од страна на МОН спроведени се 11 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, 1 препорака е неспроведена и една е неприменлива. (Табела бр. 1). Наведеното укажува дека од страна на МОН е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2007 година. МОН треба да продолжи да ги имплементира и останатите препораки во планираните рокови.

**Табела бр. 1. Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата**

| Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата | 2007 | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во проценти** |
| Спроведени | 11 | 73 |
| Делумно спроведени | 2 | 13 |
| Во тек | | |
| Во план | | |
| Неспроведени | 1 | 7 |
| Нема да бидат спроведени | | |
| Препораки кои веќе не можат да се спроведат (неприменливи) | 1 | 7 |
| Друго | | |
| **Вкупно** | **15** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.06.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 18.06.2010 година.

На ден 23.07.2010 година со писмо број 20-4311/2 од 22.07.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-147/8 од 18.06.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на констатациите искажани во Нацрт извештајот, освен за одделни прашања за кои субјектот достави нови докази. Поради тоа се дополнуваат утврдените состојби во следните точки од Конечниот извештај:
- пасусот 4 од точката 4.1.1. се менува за бројот на проекти за кои е одржана или закажана презентација на проектните резултати;
- во наодот од точка 4.2.1. се менува податокот за пополнетост на работните места со состојба 01.01.2010 година;
- во наодот од точка 4.3.1. по пасусот број 5 се додава нов пасус како објаснување за коригирање на исплатите кон издавачката куќа за износот на повеќе исплатениот аванс, согласно Анексот број 1;
- во наодот од точка 4.3.2. се брише алинејата број 3.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во согласност со Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност, МОН објавило Конкурс за доделување финансиски средства за софинансирање развојно-истражувачки проекти во 2008 година.

Министерството склучило договори во декември 2008 година со 33 носители на избрани научно-истражувачки проекти (субјекти на технолошкиот развој) со вкупна вредност од 20.975 илјади денари. МОН ги исплатило средствата за сите проекти, во целост, веднаш по потпишувањето на договорите, без да утврди динамика на плаќање според фазите во имплементација на проектите.

Носителите се обврзани на МОН како софинансиер да му достават завршни извештаи за реализираните проектни активности најдоцна еден месец по истекот на рокот за имплементација на проектот, кој варира од 8 до 14 месеци од денот на потпишување на договорите. Проектот се смета дека е успешно реализиран, доколку завршниот извештај е позитивно оценет и проектните резултати се јавно презентирани.

Иако до денот на ревизијата е истечен крајниот рок за реализација, ревизијата утврди дека по претходно добиена позитивна рецензентска оценка, само за 21 проект е одржана или закажана јавна презентација на проектните резултати, но се' уште не се доставени завршни рецензирани извештаи за 12 проектни активности. Од тие причини, ревизијата не изразува уверување во објективноста на исплатените средства за нереализираните проекти, кои претставуваат 36% од вкупниот број на проекти, што го доведува во прашање остварувањето на целите на програмата за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност.

**Препорака**

МОН да ја исплатува финансиската поддршка на избраните корисници во фази, кои ќе бидат условени од напредокот во имплементацијата на проектите, врз основа на периодични финансиски извештаи за потрошените средства согласно буџетите на проектите.

Имајќи го предвид член 10 од договорите за софинансирање, МОН од носителите на проектите кои се' уште не ги доставиле извештаите за реализираните проектни активности или не добиле позитивна рецензија да побара делумно или целосно враќање на средствата поради неисполнување на договорните обврски.

4.1.2. Согласно Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки, МОН доделувало стипендии за последипломски студии и за стекнување на докторат. Корисниците на стипендиите со договорот за доделување на стипендија се обврзале во време од 5 години сметано од денот на започнувањето на стипендирањето, односно 5 години од денот на прифаќањето на докторскиот труд, да магистрираат односно докторираат. Истите се обврзале со договорот, доколку не ја исполнат оваа обврска, да ги вратат искористените средства.

Заклучно со 1.04.2007 година, МОН утврдило дека 133 лица не го испочитувале крајниот рок и истите по овој основ му должат на министерството 3.200 илјади денари.

**Препорака**

МОН согласно барањата на договорите да превземе мерки за враќање на средствата од страна на студентите кои не ги исполниле обврските во поглед на крајниот рок за магистрирање/докторирање.

**4.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.1. Со Правилникот за систематизација на Министерството за образование и наука од 17.12.2008 година се предвидени 461 работно место во сите организациони единици. Со увид во состојбата на 1.01.2010 година, констатирано е дека се пополнети 229 места, односно 49%.

Со оглед на значителниот број непополнети работни места, Министерството, во 2009 година, вработило 9 лица на неопределено работно време и 34 лица на определено работно време за период до 11 месеци согласно Законот за привремени вработувања, за кои во тековната 2009 година биле обезбедени финансиски средства.

Покрај овие вработувања, Министерството ангажирало и 73 лица со кои склучило договори за дело за временски период од 3, 6, 9 и 12 месеци, по чиј основ исплатило 6.231 илјади денари. Иако истите извршувале работи и задачи на работни места кои се предвидени со Актот за систематизацијата, а не се пополнети, за нив претходно не биле обезбедени финансиски средства во Буџетот, што не е во согласност со член 51 од Законот за буџетите. Согласно истиот, буџетските корисници можат да пополнуваат испразнети места само под услов ако за тоа се обезбедени средства и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година, кој од страна на министерството со буџетското барање за 2009 година не беше доставен до Министерството за финансии.

**Препорака**

При подготвувањето на буџетот, МОН задолжително со буџетското барање да доставува до Министерството за финансии и план на систематизирани и пополнети работни места, како и план за пополнување на работни места во текот на фискалната година.

4.2.2. Педагошката служба при МОН во согласност со Програмата за издавање на учебници во декември 2008 година објавила 2 конкурса за издавање на учебници за основно и средно образование. Предмет на конкурсите бил прибирање на понуди за издавање учебници за:

- 4-то одделение во деветгодишно основно образование; 7-мо

одделение во осумгодишно основно образование; учебници за 1-во, 2-ро и 3-то одделение во деветгодишно основно образование; 5,6 и 7-мо одделение во осумгодишно основно образование и 1- ва, 2-ра и 3-та година на гимназиско образование (задолжителни и изборни предмети), 4-та средно музичко балетско и уметничко образование.

По спроведената постапка, согласно условите во конкурсите, министерот за образование и наука донел решенија за одобрување и употреба на учебниците. Со авторите на учебниците потпишал договори за откуп на авторските права, во кои ја утврдил вредноста на откупените права и по тој основ, во 2009 година МОН исплатило 16.543 илјади денари.

Имајќи предвид дека Законот за учебници не предвидува критериуми за утврдување на висината на надоместоците за откуп на авторските права, ниту пак истите се наведени во објавените конкурси, висината на откупените права била утврдувана во директни преговори со избраните автори на учебниците и се движи од 4000 до 7000 ЕУР по ракопис во денарска противвредност. Наведеното упатува на можноста од нерамноправен третман на авторите, односно различно вреднување на откупените авторски права.

Во 2010 година, оваа состојба е надмината со објавените конкурси за издавање учебници со оглед дека во нив е наведена висината на надоместокот за откуп на авторските права по предмети за прво, второ и трето рангиран ракопис.

4.2.3. МОН во 2009 година донело Решение со кое ги определило вработените кои имаат право на користење службен мобилен телефон со ограничувања до определен износ утврдени со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Врз основа на Решението, корисниците потпишале изјави со кои се обврзале сами да го надоместат пречекорувањето над утврденото ограничување. За периодот од јануари до декември 2009 година, ревизијата утврди пречекорувања од утврдените ограничувања на сметките во вкупен износ од 1.096 илјади денари. Истите ниту се одобрени со оправдување дека е реализиран зголемен обем на службени разговори, повици од странство, и сл., ниту се надоместени од индивидуалните корисници.

**Препорака**

МОН да обезбеди надоместување на пречекорувањата на износот на сметката за користење на службен мобилен телефон, доколку не се одобрени од страна на одговорното лице (министер).

**Биланс на состојба**

4.2.4. МОН за 2009 година одобрило студентски кредити во образованието во износ од 52.896 илјади денари, исплатени од ставката Финансиски средства.

Состојбата на одобрените студентски кредити до 31.12.2009 година изнесува 1.013.754 илјади денари и претставува акумулиран износ на доделени студентски кредити во образованието од 1996 година до 31.12.2009 година (намален за делот на вратените средства на сметката 1600100329 631 17 од студентите кои биле делумно ослободени од обврската за враќање).

Ревизијата не изразува уверување во објективноста на искажаниот износ поради неизвршеното отпишување на ослободениот дел од обврските за враќање на студентските кредити. Имено во текот на 2009 година, во зависност од постигнатиот успех во студиите, МОН го утврдило само статусот на студентите кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, но не го утврдило износот на ослободувањето, ниту спровело сметководствено отпишување.

**Препорака**

Со оглед дека е веќе утврден статусот на голем дел од студентите кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, ревизијата укажува дека МОН треба да изврши сметководствено отпишување на побарувањата за ослободениот дел од обврските за враќање на студентските кредити.

4.2.5. На крајот на 2009 година, МОН пријавило во Министерството за финансии преземени обврски во износ од 265.771 илјади денари заради нивно евидентирање во единствената база на податоци во Трезорот и истите ги евидентирало во буџетското сметководство.

Ревизијата не изразува уверување во целосноста на пријавените обврски поради:

- невоспоставена книга на влезни фактури како помошна книга во МОН, што не е во согласност со член 8 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- обврските кои пристигнале во 2009 година и за кои МОН немало обезбедени средства со буџетот не ги евидентирало во буџетското сметководство ниту ги пријавило во трезорот. Нецелосното пријавување и буџетирање на обврските може да ја доведе во прашање реализацијата на програмите за 2010 година, како и МОН да биде тужена страна и да се соочи со дополнителни трошоци по основ на затезни камати.

Исто така, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници за расходите кои не биле извршени до денот на нивното пристигнување за плаќање, МОН не евидентирало активни временски разграничувања. Наведеното има за ефект нереално прикажување, односно значајно потценување на позициите „Активни временски разграничувања“ и „Обврски према добавувачите“.

**Препорака**
МОН да обезбеди водење на помошна книга (книга на влезни фактури) како основа за целосно евидентирање и пријавување на преземените обврски.

4.2.6. На позицијата „Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции" по основ на патувања во земјата и во странство евидентирани се побарувања од вработените во износ од 2.004 илјади денари. Ревизијата не изразува уверување во објективноста на побарувањата поради тоа што пописот на истите за 2009 година е направен со преземање на состојбата од сметководството без комисијата за попис да ја утврди правната основа за нивното постоење, старосната структура како и дали и какви мерки се преземени за наплата, што не е во согласност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради можноста дел од побарувањата да се постари од пет години, согласно општиот рок на застареност утврден со Законот за облигациони односи, доколку министерството не преземе соодветно дејствие, постои ризик истите да застарат.

**Препорака**
МОН да ја утврди старосната структура на побарувањата со цел побарувањата кои се ненаплатливи и застарени да ги отпише, а за останатите да преземе мерки за наплата.

## 4.3. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на МОН за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени вкупно 36 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година и тоа: 1 постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, 7 отворени постапки како делливи набавки по лотови и 28 постапки со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас. Ревидираните делови /лотови од отворените постапки, постапката со преговарање без претходно објавување на оглас и постапките со барања за прибирање на понуди изнесуваат 366.119 илјади денари и претставуваат 61 % во однос на вредноста на доделените договори за истите во износ од 604.249 илјади денари. Исто така беа опфатени и 6 отворени постапки спроведени во 2008

година од кои ревидиравме вредност во износ од 545.123 илјади денари.
Со ревизијата утврдивме недоследности во следните случаи:

**Проект „Бесплатни учебници“**

4.3.1. Согласно член 24 од Законот за учебници за основно и средно образование, секој ученик во основните и во јавните средни училишта на почетокот на годината добива комплет бесплатни учебници. За таа цел, МОН донело одлука за набавка на 17.07.2009 година за откуп на учебници за основно и средно образование, реализирана со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

По спроведената постапка, министерството склучило договори во вкупна вредност од 523.833 илјади денари со 26 издавачки куќи, кои ги имале откупено авторските права за учебниците.

Со една издавачка куќа преку која се реализира 52 % од вкупната вредност на договорите, согласно Понудата од 21.07.2009 година и Записникот од преговарањето од 22.07.2009 година, склучен е договор на вредност од 312.862 илјади денари (со 5% вклучен ДДВ), по основ на кои на 25.08.2009 година е исплатен аванс во износ од 62.572 илјади денари, обезбеден со банкарска гаранција со важност до 30.08.2009 година.

Од увидот во моделот на договорот, кој е составен дел на тендерската документација согласно Законот за јавни набавки, ревизијата констатира дека издавачката куќа предвидела попуст од 13 %, што упатува дека вредноста на основниот договор требало да изнесува 272.190 илјади денари. Потврда за наведенето е склучувањето на Анекс 1 кон договорот со издавачката куќа на 11.12.2009 година за износот на рабатот во висина од 13% за што се уверивме и со увид во испратниците/фактурите доставени пред датумот на Анексот 1, во кои е одвоен попустот.

Како резултат на наведеното исплатен е аванс поголем за 8.134 илјади денари, што претставува неусогласеност со Законот за јавни набавки од аспект на висината на авансното плаќање.

По констатираната грешка, со потпишување на Анекс 1 на основниот договор, МОН ги намалило исплатите кон издавачката куќа за износот на повеќе платениот аванс, со што не е оштетен Буџетот на РМ.

**Проект „Компјутер за секое дете“**

4.3.2. Во функција на реализација на проектот „Компјутер за секое дете“, МОН спровело отворена постапка за набавка и испорака на 50.000 училишни клупи, 100.000 училишни столчиња и 14.300 елементи за куќишта за компјутер. Со најповолно избраниот понудувач, МОН склучило договор на

23.12.2008 година со вкупна вредност на предметот на набавката од 223.868 илјади денари (со вклучен ДДВ).

Ревизијата го утврди следното:

- согласно Огласот за доделување на договор за јавна набавка и тендерската документација, носителот на набавката бил должен да го испорача предметот на договорот во рок од 60 дена од денот на потпишувањето или најдоцна до 23.02.2009 година. Со увид во испратниците, ревизијата се увери дека оваа одредба не е почитувана, а испораките се извршувале во текот на целата 2009 година. Иако со член 8 од договорот е предвидена договорна казна во висина од 0,5% за секој ден задоцнување, МОН не ја наплатило истата;
- министерството не се обезбедило со банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5 до 15 % од вредноста на договорот, која требала да биде со важност до целосното реализирање на договорот за јавна набавка што не е во согласност со член 48 од Законот за јавни набавки и условите во тендерската документација.

**Проект „Превод на книги од реномирани странски автори"**

**4.3.3.** За реализација на набавка (превод и печатење) на 70 учебници од реномирани странски автори од областа на природните науки во тираж од 1000 примероци по учебник, од кои 600 на македонски јазик и 400 на албански јазик, министерството спровело отворена постапка бр.94/2008, деллива по наслови на учебници. По извршената евалуација на понудите, со примена на цената и времето на испорака како елементи на критериумот економски најповолна понуда, министерот на 07.10.2008 година донел Решение за избор на најповолна понуда за 6 издавачки куќи.

Министерството ги склучило договорите за набавка на учебници во вкупна вредност од 171.160 илјади денари, со обврска избраните понудувачи да ги откупат авторските права во рок од два месеци од потпишувањето на договорите. По основ на авторски права, Министерството во 2009 година исплатило вкупно 30.656 илјади денари, односно приближно 20% од вредноста на договорите. Остатокот од 80% е предвидено да се исплати по извршената испорака на учебниците.

Иако времето на испорака на учебниците бил критериум за избор на издавачките куќи по наслови, до денот на вршење на ревизијата, констатирани се значајни пречекорувања на преземените договорни обврски. Имено, од вкупно 66 прифатени наслови (4 се откажани), целосно се испорачани 23 наслови, за 7 наслови има делумна испорака, додека 37 наслови не се испорачани (од кои за 33 наслови е истечено и обезбедувањето со банкарска гаранција).

Поради пречекорувањата на времето на испорака, не е обезбеден еднаков третман на понудувачите, особено оние кои понудиле подолги рокови за испорака. Освен тоа, пролонгираната испорака на учебниците може да го пречекори и рокот на важење на веќе платените авторски права.

4.3.4. За три предмети на набавка, МОН во 2009 година извршило делење на договорот за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, што не е во согласност со член 27 од Законот за јавни набавки. Набавките се спроведени во постапки со прибирање на понуди без објавување на оглас (до 5000 ЕУР) и се во вкупен износ од 2.368 илјади денари. Со делењето на набавките со ист предмет се избегнува друг вид на постапка, преку која би се обезбедила поголема конкуренција меѓу понудувачите, како и транспарентност во доделувањето на договорите.

**Препорака**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, МОН да обезбеди остварување на барањата утврдени во Законот за јавни набавки: конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.
Исто така МОН да обезбеди и следење на реализацијата на условите утврдени во доделените договори за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Поради ефектите од наодите изнесени во точките 4.2.4., 4.2.5. и 4.2.6. а кои се однесуваат на: неизвршено сметководствено отпишување на позицијата „Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата„ за износот на ослободениот дел од обврската за враќање на студентските кредити; невоспоставена евиденција на обврските на МОН која ќе обезбеди целосно пријавување во Трезорот и буџетирање на истите како и неизвршено попишување на побарувањата за дадени аванси согласно барањата на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, ревизијата се воздржа од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.4., 4.2.5. и 4.2.6. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.1., 4.1.2., 4.2.1., 4.2.3. и 4.3, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

**6.1.** МОН за реализација на Програмите за изградба и реконструкција на основни и средни училишта склучило најголем дел од договорите во јуни 2009 година, кога и отпочнува физичката реализација на градежните работи, кои се интензивираат по завршувањето на учебната година.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2009 година, буџетските корисници се должни да искористат најмалку 30% од планираните капитални расходи до 30 јуни во тековната година. Доколку реализацијата е помала од предвидениот процент, неискористените средства до пропишаниот лимит (остатокот до 30%) со Ребалансот се пренесуваат во разделот – Функции на државата. МОН не било во можност да ги искористи буџетираните средства за капитални расходи, односно да реализира најмалку 30% од предвидените градежни зафати пред крајот на учебната година. Намалувањето на Буџетот на МОН го доведува во прашање реализирањето на програмите за изградба и реконструкција и може да предизвика неизмирување на обврските на МОН по основ на веќе склучени договори, поради што МОН може да биде тужена страна и да плаќа затезни камати.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Согласно Законот за локалната самоуправа, општините се надлежни за основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта, во соработка со централната власт. За финансирање на оваа надлежност, МОН пренесува средства за извршување на наведените работи во форма на наменски и блок дотации. По наведениот основ, од групата Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа, министерството исплатило 9.900 илјади денари како трансфери до ЕЛС во 2009 година. Крајните корисници на овие средства се општинските основни и средни училишта во Република Македонија.

Во рамките на своите надлежности во образованието, општините не применуваат критериуми за распределба на средствата од дотациите по крајни корисници (училишта), што може да доведе до необјективна и нетранспарентна распределба на средствата по корисници.

Поради наведеното укажуваме дека меѓуресорската комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините (формирана согласно Законот за финансирање на ЕЛС) има надлежности за коригирање на оваа системска слабост. Истата согласно Законот, меѓу другото, предлага мерки за подобрување на системот на дотации, дава препораки за надминување на констатираните недостатоци и го следи наменското користење на дотациите. Методологијата за распределба на средствата од блок дотациите, која би се подготвила на централно ниво, ќе овозможи објективна распределба на средствата и избегнување на акумулирање нови општински долгови.

7.2. Обрнуваме внимание дека при постапката за набавка на бесплатни учебници е останата залиха од 37.512 учебници за основно и средно образование за различни наставни предмети по учебни години (истите претставуваат 2% од вкупниот број на набавени учебници).

Согласно Законот за учебници за основно и средно образование за еден наставен предмет за употреба можат да бидат одобрени до 3 учебника од различни автори. И покрај тоа што изборот и бројот на потребните учебници по наслови и автори е утврден со одлука на наставничкиот совет на предлог на стручните активи на училиштата во фазата на проценување на потребата за набавка, при испораката дошло до отстапување од договорениот тираж по учебници.

Иако дел од создадената залиха на учебници може да биде употребена како замена за оштетени комплети на учебници и доколку се зголеми бројот на запишани ученици, за ревизијата останува неизвесно колкав број од залихата ќе биде искористена. Особено треба да се има предвид дека доколку дојде до измени или дополнувања на наставните програми за повеќе од 30% за

определени учебници, согласно член 14 и 26 од Законот за учебници за основно и средно образование, истите се повлекуваат од употреба.

7.3. Обрнуваме внимание дека МОН се јавува во својство на тужена страна по разни основи во 21 судски спор, во кои од министерството се побарува вкупна вредност од 21.750 илјади денари. Во моментот на ревизијата, конечниот исход од истите не е познат и постои неизвесност за дополнително оптоварување на износот со камати.

Скопје, 29.07.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 11,221,792 | 10,637,377 |
| **Вкупно приходи** | **11,221,792** | **10,637,377** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 107,113 | 110,046 |
| Резерви и недефинирани расходи | 135 | 2,304 |
| Стоки и услуги | 555,449 | 398,619 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 9,900,234 | 8,109,208 |
| Субвенции и трансфери | 200,271 | 245,741 |
| **Вкупно тековни расходи** | **10,763,202** | **8,865,918** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 458,590 | 1,771,459 |
| **Вкупно капитални расходи** | **458,590** | **1,771,459** |
| **Вкупно расходи** | **11,221,792** | **10,637,377** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 2,040 | 1,942 |
| Активни временски разграничувања | 7,273 | 7,770 |
| **Вкупно тековни средства** | **9,313** | **9,712** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 460,978 | 546,641 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1,013,754 | 961,165 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,474,732** | **1,507,806** |
| **Вкупна актива** | **1,484,045** | **1,517,518** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 368 |
| Пасивни временски разграничувања | 9,313 | 9,344 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9,313** | **9,712** |
| **Долгорочни обврски** | **1,013,754** | **961,165** |
| **Извори на средства** | | |
| Државен - јавен капитал | 460,978 | 546,641 |
| Обврски по долгорочни кредити | 1,013,754 | 961,165 |
| **Вкупно извори на средства** | **1,474,732** | **1,507,806** |
| **Вкупна пасива** | **1,484,045** | **1,517,518** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **546,641** | - | **546,641** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **57,805** | - | **57,805** |
| Набавки | 1,289 | - | **1,289** |
| Усогласување на материјалната со финасиската евиденција | 56,516 | | **56,516** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **143,468** | - | **143,468** |
| Отпис на капитални средства | 19,087 | | **19,087** |
| Преостапени постојани средства | 17,606 | | **17,606** |
| Амортизација | 106,775 | | **106,775** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **460,978** | - | **460,978** |

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Министерство за образование и наука
Одделение за внатрешна ревизија
Бр. 20-4341/2
22-07-2010 год.
Мито Хаџивасилев Јасмин б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел: (02) 3117896
Факс: (02) 3118414
Сајт: www.mon.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
23.07.2010
09 147/7

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

ПРЕДМЕТ: Забелешки на Претходен извештај за извршена ревизија
Врска: Ваш бр. 09-147/4 од 18.06.2010 година.

Во врска со доставениот Претходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2009 година на Министерството за образование и наука бр. 4341/1 од 22.06.2010 година, Ви го доставуваме следниот одговор:

**1. Точка 4.1.1.**

Во Нацрт - извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија за усогласеност за 2009 година, во точката 4.1.1. се наведени констатации кои не се во согласност со фактичката состојба.

Во вториот пасус се констатира дека „Министерството склучило договори во декември 2008 година со 33 носители на избрани научно-истражувачки проекти (субјекти на технолошкиот развој) со вкупна вредност од 20.975 илјади денари. МОН ги исплатило средствата за сите проекти, во целост, веднаш по потпишувањето на договорите, без да се утврди динамика на плаќање според фазите во имплементација на проектите".

Станува збор за доделување финансиски средства за софинансирање на развојно-истражувачки проекти во согласност со Конкурсот за 2008 година. Договорите за софинансирање се потпишани во текот на 2008 и во 2009 година, и тоа: 29 се потпишани во месец декември 2008 година, 2 во јануари 2009 година и 2 во февруари 2009 година.

Средствата за развојно-истражувачките и иновациски проекти се исплаќаат во целост - еднократно. Се работи за софинансирање (а не целосно финанасирање како кај научно-истражувачките проекти) од страна на МОН за проекти кои се краткорочни и кои се реализираат во период од 6 до 18 месеци. Заради тоа, не е можно да се утврди динамика на плаќање

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

според фази на имплементација на проектите - станува збор за една фаза како целина.

Констатацијата дека сите проекти се исплатени во целост, веднаш по потпишување на договорите не е точна. Во период од 25.12.2008 до 31.12.2008 година се исплатени средства за 20 развојно-истражувачки проекти. Во периодот од 04.02.2009 до 26.05.2009 се исплатени 12 развојно-истражувачки проекти, а еден е исплатен во месец март 2010 година. (Прилог: Извод од аналитички дневник на Министерството за образование и наука).

Во вториот пасус се констатира дека „Носителите се обврзани на МОН како софинансиер да му достават завршни извештаи за реализираните проектни активности најдоцна еден месец по истекот на рокот за имплементација на проектот кој варира од 8 до 14 месеци од денот на потпишување на договорите".

Со ретки исклучоци, заради оправдани причини (доцнење со набавка на опрема најчесто од странство, непланирани проблеми во текот на експериментирањето, доцнење на услуги од надворешни учесници во проектот, здравствени проблеми на учесниците во реализацијата на проектот и сл.) се случува пролонгирање на утврдениот рок за поднесување на завршните извештаи.

Во врска со реализираните обврски од Конкурсот за развојно-истражувачки проекти за 2008 година може да се констатира следното:

- до МОН се доставени завршни извештаи за 32 развојно-истражувачки проекти (недостасува само еден завршен извештај за проект, за кој ќе биде поведена постапка за враќање на средствата);
- заклучно со 02.07.20010 година реализирани се 14 и закажани се уште 2 јавни презентации на проектните резултати;
- за 5 развојно-истражувачки проекти во тек е усогласувањето на термини за јавни презентации;
- за 11 развојно-истражувачки проекти рецензирањето на доставените завршни извештаи е во тек.

**2. Точка 4.2.1.**

Во Точката 4.2.1. од извештајот е наведено дека до 01.01.2010 година во Министерството за образование и наука се пополнети 182 работни места. Од извршениот увид од

пресметката за плата за месец декември 2009 година, констатирана е состојба со пополнети 229 работни места. (Прилог: Ф1 образец од 12/2009 година)
Министерството за образование и наука неколку пати доставила барање за согласност за вработување на нови лица согласно Правилникот за систематизација, но поради антикризните мерки донесени од Владата на РМ во 2009 година согласности се дадени само за работните места предвидени со НПА. Поради потреба за навремено и квалитетно извршување на работните задачи, а во недостиг на согласност за вработување ангажирани се лица со договор за дело. (Прилог: Барања за согласности)

**3. Точка 4.3.1.**
Во однос на Точката 4.3.1. ве известуваме дека од страна на Комисијата за јавна набавка при составувањето на записникот за преговарање не е внесен попустот кој го дал понудувачот односно експлицитно е наведено дека „...понудувачот не понуди попуст." Врз основа на така изготвениот записник на Министерот му бил доставен Договорот и истиот бил потпишан, при што битно е да се укаже дека претседателот на комисијата за јавна набавка е парафиран на секоја страна од Договорот. При контролата на документацијата за доставени учебници од страна на Комисијата формирана од Министерот, а подоцна и од страна на Државната ревизија констатирано е дека сумата на Договорот не соодвествува со сумата дадена со попуст во понудата. По констатираната грешка потпишан е Анекс 1 на договорот со бр.18-5372/196 од 11.12.2009 година со кој е корегирана вредноста на 272.190.301,42 денари и при исплатата на првата рата во месец декември која изнесува 30% од вредноста на договорот е минусирана разликата на исплатениот аванс. Со оглед на тоа што до потпишување на таков Договор дошло исклучиво како резултат на работата на Комисијата за јавна набавка, од страна на Министерот ќе бидат превземени чекори согласно позитивните прописи во насока на утврдување на одговорноста и превземање соодветни мерки спрема одговорните лица од страна на надлежни органи. (Прилог: Табела за бесплатни учебници, аналитичка картица и договор).

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**4. Точка 4.3.2, алинеја 3,**

Како критериум за утврдување на техничката и професионалната состојба на економскиот оператор се бара најмалку три договори со претходни набавувачи за ист или сличен вид на набавка во вкупна вредност од најмалку 20 милиони денари.

Забелешката е дека со ова се доведува до ограничување на конкуренцијата како основна цел и барање на Законот за јавни набавки.

Ова е надминато во Огласот за доделување на договор за јавна набавка, каде е дозволено право на учество да имаат и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Ова укажува дека со Огласот за доделување на договор за јавна набавка е дадена можност и помалите економски оператори да доставуваа понуди за овој оглас во вид на заеднички настап, без посебна правна форма на здружување, туку со избор на носител на набавката и склучување на Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски. (Прилог: Оглас за доделување на договор за јавна набавка и Измена на податоците во постапката за доделување на договор за јавна набавка).

**5. Точка 7.1 став 3**

Распределбата на средствата од блок дотации за основното и средното образование по општини се врши согласно член 12 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009), според кој надлежните министерства изготвуваат методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите, која се базира на формула со користење на соодветни показатели за потребите на секоја програма. Распределбата на средствата од наменски дотации за основно и средно образование по општини се врши согласно член 45 став 2 алинеја 2, од истиот закон. Владата на Република Македонија донесува Уредби за методологија за утврдување на критериуми за распределбата на блок и наменски дотации за основно и средно образование на предлог на надлежното Министерство.

Согласно со Законот за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008, 33/2010), и Законот за средно образование ("Службен весник на Република

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008 і 92/2008, 33/2010), средствата за финансирање на основното и средното образование се распределуваат на општините по пат на блок и наменски дотации согласно со Уредбите за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со Уредбите се уредува распределба на средства која се врши врз основа на формула и согласно со фазите на фискална децентрализација. Формулата основно се изведува од бројот на ученици на подрачјето на општината. Врз изведувањето на формулата можат да имаат влијание и други дополнителни показатели.

Имајќи ги во предвид горенаведеното, Министерството за образование и наука согласно своите надлежности, ги распределува средствата од Буџетот Република Македонија кои се утврдени на Програма А-Децентрализација, Потпрограма А2-Пренесени надлежности на единиците на локалната самоуправа, согласно критериумите утврдени во Уредбите. При тоа, покрај бројот на ученици во предвид зема фактори кои се однесуваат на општини, а не на поедини училишта.

Согласно Законот за основно образование и Законот за средно образование, **Советот на општината утврдува мерила и критериуми за распоредување на средствата за општинските основни и средни училишта.** Со ова, секоја општина земајќи ги во предвид специфичностите на територијата на општината на која се наоѓаат училиштата, а кои се однесуваат на начинот на нивно финансирање, утврдува свои мерила и критериуми за распределба на добиените средства од централно ниво по основ на блок дотации за основно и средно образование и со добро планирање на општинскиот Буџет како и со економично и домаќинско работење да избегне евентуално акумулирање на долгови.

**Доколку Министерството за образование и наука утврдува критериуми за распределба на наменски и блок дотации според намени и училишта тоа би го нарушило основниот концепт на децентрализацијата, со која на општината се пренесуваат надлежности за основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта.**

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**6. Точка 7.2.**

Залихите на учебниците ќе се употребуваат не само за замена на оштетените учебници туку и за замена на учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување и боење согласно измените на член 25 став 1 и 2 од Законот за учебници за основно и средно образование (Сл.весник бр. 83 од 23.06.2010 год).

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

## *Одговор на забелешки од Министерството за образование и наука по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор*

На ден 23.07.2010 година под архивски број 09-147/7 примени се забелешки од одговорното лице на Министерството за образование и наука по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за **сметката на основен буџет**.

Забелешките се однесуваат на наоди од точките : 4.1.1. ; 4.2.1., ; 4.3.1., ; 4.3.2. алинеја 3 и обелоденувањата во точките 7.1. став 3 и 7.2 во нацрт извештајот.

Забелешките по наодите и обелоденувањата од наведените точки се разгледани и е констатирано следното :

1. Наодот од точката 4.1.1. се однесува на целосно и однапред исплатени средства за софинансирање на 33 избрани научно - истражувачки проекти, без МОН да утврди динамика на плаќање која ќе биде условена од напредокот во имплементацијата на проектите.Исто така, ревизијата утврди дека само за 14 проекти е одржана или закажана јавна презентација на проектните резултати, но се' уште не се доставени завршни рецензирани извештаи за 19 проектни активности, иако е истечен крајниот рок за реализација на истите.

   Во забелешките, субјектот наведува дека средствата за финансирање на развојно - истражувачките и иновациски проекти се исплаќаат во целост еднократно, бидејќи МОН само софинансира, поради што не може да се утврди динамика на плаќање според фазите на имплементација на проектите.

Забелешката по наодот **не се прифаќа,** бидејќи и покрај фактот дека МОН само кофинансира, плаќањата мора да бидат условени со напредокот во имплементацијата на проектите.[1]

Со забелешките субјектот доставува пропратни писма за дополнително доставени завршни извештаи за уште 18 проекти од кои за: 2 проекта се закажани јавни презентации на проектните резултати; за 5 во тек е усогласувањето на термини за одржување на јавни презентации, а за 11 проекти во тек е рецензирањето. Наведеното ревизијата **го прифаќа** и за истото ќе го коригира бројот на реализирани проектни активности во четвртиот пасус во точката 4.1.1.

2. Наодот од точката 4.2.1. се однесува на ангажирање на 73 лица со договори за дело за кои претходно не биле обезбедени финансиски средства со Буџетот на МОН.

   Субјектот наведува во забелешките дека во текот на 2009 година во неколку наврати до Министерството за финансии биле доставувани барања за добивање на согласност за вработување, но на истите МОН не добило позитивен одговор, бидејќи со пакетот антикризни мерки на Владата во 2009 година приоритет се само работните места предвидени со Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ. Поради потребата за навремено и квалитетно извршување на работните задачи МОН ангажирало лица со договор за дело.

   Забелешката по наодот **не се прифаќа.** Согласно Законот за буџетите, буџетските корисници можат да пополнуваат испразнети места само под услов ако за тоа се обезбедени средства и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година, кој од страна на МОН не беше доставен со буџетското барање за 2009 година до Министерството за финансии.

   Забелешката која се однесува на пополнетоста на работните места со состојба 01.01.2010 година **се прифаќа** поради што во наодот од точка 4.2.1. бројот „182“ се менува со „229“, а процентот „39“ се менува со „49“. Како нов доказ за пополнетост на работните места субјектот го доставува Образецот - Ф1 (Преглед за евиденција на вработени од пресметката на плати за месец декември 2009 година). Ревизијата во нацрт извештајот го дава бројот на пополнети работни

[1] Проектот се смета дека е успешно реализиран, доколку завршниот извештај е позитивно оценет, што претставува услов за јавно презентирање на проектните резултати.

места врз основа на Табеларен преглед на работните места и звања (со вработените) со состојба 01.01.2010 година даден на увид за време на извршување на ревизијата.

3. Наодот од точката 4.3.1. се однесува на висината на авансното плаќање на една издавачка куќа за откуп на учебници за основно и средно образование.

   Коментарот на субјектот во забелешките не се однесува во насока на побивање на наодот искажан во нацрт извештајот, туку истиот претставува само објаснување за преземените активности од страна на МОН за утврдување на одговорноста на Комисијата за јавна набавка во однос на предлогот за склучување на договорот.

   Во наодот од точка 4.3.1. по пасусот број 5 се додава нов пасус како дополнително објаснување дека е извршено намалување на вредноста на исплатите кон издавачката куќа за износот на повеќе исплатениот аванс, согласно Анексот број 1.

4. Алинејата 3 на наодот од точката 4.3.2. се однесува на воведувањето на минимални услови за потврдување на техничката и професионалната состојба на економските оператори во огласот за доделување на договор за јавна набавка на училишни столчиња и клупи. Имено, побарани се најмалку три договори со претходни набавувачи за ист или сличен вид на набавка, со вкупна вредност од најмалку 20 милиони денари во последните три години, што може да доведе до ограничување на конкуренцијата, како основна цел и барање на Законот за јавни набавки.

   Субјектот во забелешките наведува дека конкуренцијата не била ограничена, бидејќи огласот дозволувал право на учество да има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма, при што и на помалите оператори им е овозможен заеднички настап.

   Забелешката **се прифаќа,** бидејќи сметаме дека воведениот минимален услов соодветствува на вредноста на договорот за јавна набавка и ги задоволува барањата на Законот за јавни набавки.

5. Обелоденувањето во точката 7.1. се однесува на начинот на финансирањето на општинските основни и средни училишта. Имено, МОН пренесува средства до општините во форма на наменски и блок дотации, но истите не применуваат критериуми за распределба на средствата по училишта, што може да доведе до необјективна распределба на истите. Поради тоа, беше препорачано Комисијата

за следење на развојот на системот за финансирање на општините, која е надлежна за следење на наменското користење на дотациите согласно Законот за финансирање на ЕЛС, да предложи критериуми за објективна распределба на средствата по училишта.

Во забелешките субјектот наведува дека доколку министерството утврдува критериуми за распределба на наменски и блок дотации би се нарушил основниот концепт на децентрализација, со кој на општините им се пренесуваат надлежностите за основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта.

Ревизијата не го посочи министерството, туку Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, која е надлежна за следење на наменското користење на дотациите и оттука, може да предлага критериуми за објективна распределба на средствата по училишта.

6. Обелоденувањето во точката 7.2. се однесува на неизвесност во искористувањето на залихата од 37.512 учебници за основно и средно образование создадена при набавката на бесплатни учебници, поради можни промени на наставните програми и повлекување на истите од употреба.

Субјектот во забелешките наведува дека залихата од учебници ќе се искористи како замена на учебниците, во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување и боење.

Забелешката по обелоденувањето **не се прифаќа,** бидејќи при набавката останата е залиха од учебници за основно и средно образование за наставни предмети од различни учебни години, а не само на учебници од учебни години во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување и боење.

Скопје, 29.07.2010 година

*Овластен државен ревизор*